РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**Министерство за труд и социјална политика**

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИК ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Број ________
1 6 MAY 2013 година
**Скопје**

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14 и 27/16 ), а во врска со член 28 од Законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници("Службен весник на Република Македонија" бр.11/2018) Министерот за труд и социјална политика донесе

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за труд и социјална политика

### Член 1

Во Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за труд и социјална политика бр.04-7280/2 од 26.8.2015 година, 04-7280/7 од 24.11.2015 година, 04-157/1 од 08.01.2016 година, бр. 04-4231/2 од 06.06.2016 година, 04-4850/2 од 04.07.2016 година, бр.04-5934/1 од 18.8.2016 година, 803/1 од 08.02.2017, бр.02-3676/1 од 19.6.2017 година, бр.02-4771/1 од 17.7.2017 година, бр.04-5056/1 од 25.7.2017 и 04-5431/1 од 27.7.2017 година и бр. 04-9415/1 од 7.12.2017 година бр. 04-1775/1 од 06.02.2018 година бр.04-4578/1 од 02.04.2018 година и бр.04-4599/1 од 02.04.2018 година, IV. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА во точка 2 СЕКТОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ, подточка 2.1 одделение за персонален менаџмент, вработување и мобилност , работното место со реден број 27 се менува и гласи:

| | |
|---|---|
| **Реден број** | 27. |
| **Шифра** | 10 УПР 0101 В04 000 |
| **Ниво** | В4 |
| **Звање** | **Помлад соработник** |
| **Назив на работно место** | **Помлад соработник за Остварување на права и одговорност на административните државни службеници** |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на одделение за персонален менаџмент, вработување и мобилност |
| **Вид на образование** | Правни науки |
| **Други посебни услови** | Положен правосуден испит,поседување на сертификат за Проценка на влијанието на Регулативата(ПВР) |
| **Работни цели** | Спроведување на стручно-административни работи во функција на законско оставрување на правата и обврските на административните државни службеници |

| | |
|---|---|
| **Работни задачи** | - Врши стручно-административни работи поврзани со остварување на права на државните службеници согласно законските и подзаконските одредби за административни службеници, работни односи, безбедност и здравје при работа, колективен договор за вработени во јавен сектор и други релевантни акти<br>- Подготвува решенија и други акти во врска права и обврски на државните службеници;<br>- Врши стручно-административни работи поврзани со постапките за утврдување на дисциплинска одговорност на вработените Комисијата за дисциплински постапки;<br>- Подготвува одговори на жалби до АА за прашања на дисциплинска одговорност;<br>- дава стручни појаснувања и мислења за примена на законските одредби;<br>- работи на процена на влијанието на регулатива при изработка на закони и сл.,<br>- изготвува анализи и информации за прашањата поврзани со привлекувањето и задржувањето на високо квалификувани кадри, вработувањето, хоризонталната мобилност и престанокот на вработувањето на државните службеници. |

## Член 2

Во глава IV. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА во точка 5 Сектор за правни и нормативни, општи и заеднички работи во подточка 5.1 одделение за правни и нормативни работи во работното место со реден број 78 раководител на одделение за правни и нормтивни работи во делот посебни услови се додава "положен правосуден испит, сертификат за работа со Процена на влијание на регулативата, и други дополнителни сертификати од областа на управното, кривичното и трговското право. "

Член 3

Во глава IV. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА во точка 11 СЕКТОР ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ подточката 11.1 ОДДЕЛЕНИЕ РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ, во работното место со реден број 227 во делот вид на образование после зборот општестени науки се додаваат зборовите “филозофија - родови студии”.

Член 4

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Број 04-6210/1

16 MAY 2018 .05.2018 година

С к о п ј е

МИНИСТЕР,

Мила Царовска

Република Македонија Министерство за труд и социјална политика Скопје

Изработил: Маја Стојановска